број 10 | 2018

# roma index















## ДРЖАВА НА РОМИТЕ - УТОПИЈА ИЛИ РЕАЛНОСТ

## ИНТЕРВЈУ СО ПРОФЕСОР ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ



## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8 АПРИЛ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РОМИТЕ

Рома Индекс е електронски весник на
Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Како гласило на Здружението, препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, наша цел е да го информираме, едуцираме и забавуваме читателот за прашања од секојдневниот живот, поврзани со образованието, младите, ромскиот идентитет и актуелни теми и проблеми со кои се соочува општеството. Да информираме за успешни личности, но и да изградиме индивидуалци кои активно ќе бидат вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и на национално ниво.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.

За издавачот:
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005

Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:
Силхан Саитов, Проектен менаџер
Сеара Сулејман-Османи, Финансиски офицер
Фикрија Таир, Проектен координатор
Инес Амет, Проектен асистент

Контакт:
Адреса: „11 октомври“ бр.8/1-2, 1000 Скопје
Телефон: 076/22 55 68
e-mail: office@romaversitas.org.мк

# НОВИНАРСКИ ТИМ:



Одговорен уредник за Рома Индекс бр.10
ЛЕБИШКА СЕЛОСКА, студент на Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ



ИДРИЗ ДУРМИШ, студент на Природно-математички факултет, УКИМ



ЕЛСОН ИЉАЗ, студент на Бизнис Администрација, УГД



ЏЕМИЛИАНА АБДУЛОВА, студент на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ



СУНАИ САБРИОСКИ, новинар
Ромаверзитас Алумни

# ИНФО

*автори: Лебишка Селоска и Џемилиана Абдулова*

### З.Г. „Ромаверзитас“ со настан во Собранието на Република Македонија по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ во среда (4 април 2018) го одржа настанот „Ромите во Република Македонија“ по повод 8 Април – Меѓународен ден на Ромите . Настанот се одржа во Собранието на Република Македонија (сала Борис Трајковски)...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Студентите Роми со импресивни говори

Фасцинантни ставови и реални препораки беа изречени на Ораторските настапи по повод 8 Април - Меѓународниот ден на Ромите. Тие говореа на тема „Ромскиот народ - Минато, Сегашност и Иднина“.

Руфат Демиров, студент на Политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” Скопје, во...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Кои фактори ги мотивираат младите Роми да продолжат со своето образование?

Главни мотивациски фактори за продолжување на образованието кај Ромите се желбата за подобар животен стандард и подобра работна позиција, желбата и љубовта за успешен професионален и...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### И во Македонија постои антициганизам!?

Кога зборуваме за проблемите на нашата заедница, поголемиот дел од нас тоа го поврзуваат со дискриминација и омраза од страна на општеството кон Ромите, што донекаде и не е погрешно. Но, дали дискриминацијата и омразата се само производи...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

# ИНТЕРВЈУ

*автор: Сунаи Сабриоски*

### Интервју со професор Љубомир Фрчковски

Што е она што ромската заедница го бара и го истакнува како јавна заложба е речиси преставено во Декларацијата. Кога зборуваме за активизмот, граѓанското општество и политичките партии имавме прилика да учествуваме во еден процес каде што ромската заедница пред се ромските интелектуалци, активисти, но и политички партии многу умешно во контекст на еден динамичен период со многу жешки теми на јавната сцена, ромската заедница ги артикулира и барањата кои што се предочени во Декларацијата за стратешките интереси на Ромите. На оваа тема и многу повеќе со Љубомир Фрчковски професор на Правен факултет „ Јустинијан Први “ – Скопје

ЛИНК КОН ИНТЕРВЈУТО

# ВИДЕО ПРИЛОГ

### Ромите во Република Македонија

„Собранието на Република Македонија ги поддржува заложбите и принципите за постигнување на мултикултурно, праведно и рамноправно општество на еднакви граѓани, целосна и правична застапеност на ромската заедница, политичка партиципација и учество во донесувањето на одлуки и ставање во функција на ресурсите од централниот буџет и донаторските средства во решавање на приоритетните области на ромската заедница како и унапредување на животот на заедницата со цел постигнување на социјална кохезија и еднаков развој на сите“ **вели г. Горан Мисовски, потпретседател на Собрание на Република Македонија**

ЛИНК КОН ВИДЕО ПРИЛОГОТ

# КОГА И КАКО РОМИТЕ ГО НАСЕЛИЛЕ БАЛКАНОТ!?

***автор: Елсон Иљаз***

**Кога станува збор за ромскиот народ има многу за што да се пишува: генетските корени, ромскиот јазик, геноцидот во втората светска војна, пост-военото живеење, ромското потекло, поврзаноста со останатите народи и други животни приказни. Во ова издание од Рома Индекс ќе проговориме за населувањето на Ромите на нашиве балкански простори.**

**Ромите немаат своја матична држава. Во минатото важеа за талкачи/преселувачи од едно на друго место (номадски стил на живеење), барајќи ја својата среќа и идеалната држава. Иако, според тврдењата на лингвистите дека ромскиот народ потекнува од Индија, поради поврзаноста на ромскиот со пенџапскиот и со потохраскиот јазик, постојат и мислења дека потекнуваат од Египет, како и од други држави и места. Иако, стопроцентно не може да тврдиме за потеклото на Ромите, сепак знаеме дека Ромите не потекнуваат од Балканските простори. А денес, статистиката, покажува дека само во Европа живеат од 12 – 15 милиони Роми.**

Во многу држави кои беа дел од поранешната Југославија, а и неколку балкански држави, има значително голема ромска популација. Ромите се најголемото малцинство во Европа. Тука почнале да се населуваат кон крајот на 11-тиот и почеток на 12-тиот век. Постојат докази во полисите направени од турските власти за Роми коишто живееле во Македонија. Во полисите има информации дека Роми имало во македонските градови Кратово, Велес, Скопје, Прилеп, Тетово, Битола, Дебар, Охрид и Кичево.

Поголемиот дел од Ромите, коишто тогаш го населиле Балканот, најчесто работеле како актери, дресери на животни, јажари, свирачи, калајџии, папуџии, кожари, слуги и друго. Говореле и сé уште говорат на многу дијалекти. Најголемиот дел од луѓето кои што го зборуваат балканскиот ромски јазик се Ромите.

Ромите кои живееле на Балканот пред доаѓањето на Османлиите, биле христијани, додека Ромите кои дошле заедно со нив биле муслимани. Ваквото тврдење се докажа како вистинито и доказ за тоа се ромите христијани, со христијански имиња и ромите муслимани со муслимански имиња.

Ромите од Анадолија, Турција на Балканот се преселиле во 1402 година од страна на тогашниот султан Бејазит. Тогаш биле преселени 20.000 Роми. Дел од нив како земјоделци и занаетчии, како и ковачите со посебна важност за потребите на турската војска. Оние што ја знаеле техниката за правење барут биле преселени во Бугарија и Македонија. Доказ за ова се Ромите кои живеаат во Македонија и се наречени Барутчии. Заедно со нив, во Скопје живееле и денешните Топаанлии, коишто се споменати во некои турски документи.

Во периодот од 12-тиот до 20-тиот век, ромскиот народ претрпел масовни егзодуси, геноцид, многубројни прогони, погроми и асимилации. Уште се свежи сеќавањата на геноцидот на Ромите во текот на Втората светска војна.

**Денес, како и во минатото, на Балканот живеат многу Роми кои секојдневно се справуваат со различни проблеми и со разни стереотипи и предрасуди. Сепак, ромите се избориле за својот идентитет, имаат единствена ромска општина во Скопје, општината Шуто Оризари каде градоначалник е Ром. Освен ова, Ромите имаат претставници во сите степени на власт во Македонија, имаат образована елита, застапуваат важни функции и одлучуваат за ромското прашање. На Балканот, од 2005 – 2015 година, се реализираше Декада на Ромите. Денес се реализираат многу проекти со цел да ја подобрат интеграцијата на Ромите во општеството.**

**Меѓународниот ден на Ромите, 8-ми Април, во Македонија е прогласен за празник и на тој ден, припадниците на ромската заедница се ослободени од работа, училиште и други работни активности.**




" Ние Ромите сме едно од најдобро познатите светски етнички малцинства. Потекнуваме од северниот дел на Индија и сме почнале со миграција пред околу 1500 години. Покрај стереотипите кои ни ги лепат, поголемиот дел од луѓето не знаат многу за нас, но започнуваат да не запознаваат.

Кога сме веќе кај музиката како стереотип, историски гледано, таа била единствен начин Ромите да добијат почит од не-ромите. Сепак, експанзијата на почит покрај музиката, била исклучително бавна. Ромската заедница во Европа е најголемата малцинско-етничка група, броејќи над 12 милиони лица. На Балканот нашите предци пристигнлае пред околу 9 века, кога почнало и одвојувањето на источни и западни Роми. Лингвистите уште во 18-иот век ја откриле сличноста помеѓу Ромскиот и санскритот (јазикот на кој е напишана најраната индиска литература).

Дали Ромите имаат лојалност кон државата е дискутабилно прашање?. Дали се задоволени фундаменталните потреби на Ромите во едно отворено и демократско општество, што се случува со ромската академска фела по дипломирањето, се прашања во кои лежат и одговорите околу лојалноста кон државата во која и живеат. Развивањето на ромскиот идентитет и чувството на самодоверба имаат најголемо значење.

Политиките и програмите за интеграција на Ромите во општеството не се доволни за да го „искоренат“ длабокото непријатество и расизам кон ромската заедница. За да се избориме со овој „вечен“ проблем, сами треба да сме сопствени најдобри застапувачи. "

**Ален Умер, алумнист на Ромаверзитас**



" Ромите како нација, во минатото, беа номадски народ чии предци го напуштиле северо-западниот дел на Индија во почетоткот на 11 век. Потоа биле заробувани и продавани во Мала Азија, пред да бидат распрснати низ цела Европа и останатиот дел на светот.

Денес Ромите имаат речиси 1000 години стара историја и заеднички јазик. Во средината на 20-тиот век е втемелен ромскиот јазик за кој самите Роми велат: „Јазикот е нашата татковина и благодарејќи на тој јазик, сме денес тоа што сме“.

Денес, низ цел свет има околу 18 милиони Роми од кои 10 милиони се распространети во Европа и претставуваат најголемо малцинство. Приближно толку има и говорители на ромскиот јазик.

Во Лондон 1971 година, се одржа првиот светски конгрес на Ромите. По тој повод Организацијата на обединетите нации (ООН) го прогласи 8-ми Април светски ден на Ромите.

На овој ден беше одлучено единственото име за тој народ да биде Роми, беше усвоено знамето во сино-зелена комбинација со тркало од кочија во средината, а песната „Џелем Џелем“ беше прогласена за ромска химна. "

**Емин Мамудоски – Ромски активист и претседател на граѓанска организација „Преродба“ – Кичево**

# БОГАТСТВОТО НА РОМСКИОТ ЈАЗИК

*автор: Идриз Дурмиш*

**Напуштајќи ја Индија, Ромите со себе го понесоа највредното и најбогатото нешто што го поседуваа – ромскиот јазик. Јазикот потекнува од индоевропската фамилија јазици, индо-аријска подгрупа. Иако Ромите ја напуштија Индија пред многу векови, сепак го користат својот мајчин јазик до денес. Овој стар индоевропски јазик може да се слушне во различни делови на нашата планета и е диференциран во најразлични дијалекти.**

**За разликите кои се појавуваат во јазиците или поточно за дијалектите, англискиот лингвист Џон Лолер (John Lawler) ќе рече: „Исто како и биолошката диференцијација, лингвистичката диференцијација меѓу два дијалекта се јавува првенствено како резултат на долг период на одвоеност (сепарација). Најчесто станува збор за географска сепарација, но може да биде и социјална. Постојат многу начини за користење на разликите во јазикот како социјални маркери”.**

Иста констатација е дадена и во книгата „Роми, разлики и нетолеранција” од Андреј Мирга и Лех Мруз во која се објаснува диференцијацијата на ромските дијалекти. Факт е дека сите ромски дијалекти потекнуваат од еден ист јазик – ромскиот. Во текот на патувањето на Ромите како номадски народ од својата матична татковина, поминувајќи низ различни земји, низ Азија и Европа, примиле и акумулирале различни јазични елементи во нативниот ромски јазик.

Разликите во дијалектите се јавуваат како резултат на позајмување на различни јазични елементи од оние земји и народи низ кои минувале Ромите за подобро да бидат разбрани од месното население. Од друга страна, за тоа придонесе и принудната асимилација која имала огромно влијание врз формирање на различни дијалекти, особено во Германија, Шпанија, Австро-Унгарија итн. Може да се заклучи дека во процесот на диференцијација на повеќе дијалекти придонесоа патувањата на Ромите, историската судбина и настани, како и јазичната симболизација.

Поради изразената издиференцираност на ромските дијалекти, може да се случи Роми кои припаѓаат на различни групи да не можат да се разберат меѓусебно. На пример, дијалектите на француските Мануша или на германските Синти се неразбирливи за најголемиот дел Роми кои живеат во централна и јужна Европа, вклучувајќи го и Балканскиот Полуостров. Но и покрај ова, ја имаат истата јазична основа и со малку труд секако ќе се најде меѓусебно разбирање.

Според книгата „Историја на Ромите во Македонија и на Балканот” од д-р Милан Бошкоски, д-р Драги Ѓоргиев и д-р Трајко Петровски, најчестите ромски дијалекти кои се зборуваат на европскиот континент се: ловарскиот, џамбаскиот, калдерашкиот, ерлискиот и ковачкиот. Ромските дијалекти се групирани во две групи: влашка (сите наброени, освен ерлискиот) и невлашка (ерлискиот дијалект). Дијалектите од влашката група поседуваат многу повеќе стари ромски зборови (архаизми) во однос на невлашката група. Причината е тоа што претставниците на влашката група на дијалекти живееле повеќе во ромска средина и настојувале да не се мешаат со не-ромските семејства и не се дозволило влијание на не-ромското општество. Интересно е тоа што џамбаскиот, ловарскиот, гурбетскиот, калдерашкиот и дијалектот на Синти Ромите е многу сличен и претставниците може да говорат и да се разбираат меѓусебно. Исто така, овие дијалекти се најраспространети во Европа.

Ерлискиот и ковачкиот дијалект имаат помалку сличности со претходно споменатите дијалекти. Овие два дијалекта најмногу се распространети на Балканскиот Полуостров (Македонија, јужна Србија, Албанија) и во Турција.

Според гореспоменатата книга за историјата на Ромите, според јазикот, Ромите кои живеат на Балканот исто така се поделени во две групи: влашка и невлашка. Невлашките Роми кои живееле за време на Османлиското владеење на Балканот се нарекуваат и турски Роми и истите денес живеат во Македонија,

Турција, Србија, Босна и Херцеговина и други земји.

За употребата на ромскиот јазик во Република Македонија, разговаравме со првата дипломирана Ромка на интердисциплинарните студии по новинарство на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, м-р Мирдита Салиу која повеќе години подготвуваше телевизиски прилози и емисии од различни области во емисијата на ромски јазик „Бијандипе“ (Преродба).

На самиот почеток на деведесетите години од минатиот век почна емитувањето на емисијата на ромски јазик, која воедно беше и единствената можност преку ТВ екраните да се слушне ромскиот јазик.

„Ромскиот јазик е еден од најбогатите јазици во смисла на фонд на зборови и број на дијалекти. Како најчести дијалекти во Македонија се: ковачкиот, џамбаскиот и ерлискиот. Тие, во однос на местото на живеење или потеклото, се делат на други подгрупи како што се: гилански дијалект (заради потеклото од Гилане), приштинскиот (заради потеклото од Приштина), гаутникано (или селски дијалект заради живеење во селска средина) итн.

Сите овие, а и другите дијалекти имаат примена во секојдневното живеење. Според мене најбогати дијалекти со одредена јазична архаичност се ковачкиот и џамбаскиот дијалект. Ромскиот јазик во Република Македонија и во регионот, за жал, сé уште не е стандардизиран. Тоа беше значителна тешкотија за негова примена во еден телевизиски или радио медиум. Во подготовката на телевизиските прилози користевме заборавени ромски зборови, зборови кои ја имаат основата на санскрит јазикот.

Во оваа прилика, со должна почит, сакам да го споменам професорот Шаип Јусуф кој целиот свој живот го посвети во градење на ромскиот јазик и негова стандардизација. Од него, лично, научив многу за самите нас, за нашиот ромски народ, за сите негови нишани и за богатството на ромскиот јазик“

**м-р Мирдита Салиу**

Таа додава дека „користењето на мајчиниот, ромски јазик, е од особена важност, затоа што преку него го изразуваме нашето постоење и идентитет како народ, затоа што токму јазикот е една од карактеристиките за постоење на кој било народ.

Оттука, ние сме народ затоа што имаме свој јазик. Искрено, жалам што не знаеме или несакаме да го негуваме, а уште повеќе жалам што оние Роми кои не го говорат ромскиот јазик во секојдневната комуникација, не се ни трудат да го научат.

За жал, за нив е полесно да кажат „ние не знаеме ромски“, ама многу побрзо ќе научат друг јазик, само не ромскиот. Препорачувам да си го негуваме, чуваме и збогатиме нашиот јазик. Да не дозволиме да го изгубиме нашиот јазик. Само така ќе си го зачуваме и идентитетот“.

**Од сето ова може да заклучиме дека јазикот како ромско културно наследство, треба да се негува и унапредува. Но, исто така пред нас, младите Роми, стои голем предизвик да вложиме поголеми напори за да го стандардизираме ромскиот јазик со што ќе стане еднаков со другите јазици.**





# ОБРАЗОВАНИЕТО Е АЛФА И ОМЕГА НА НАПРЕДОКОТ

*автор: Сабина Мустафа*

Се родив како прво дете во моето семејство во мојот роден град Скопје во скопската населба Аеродром. Тоа беше време кога сé уште децата на моја возраст со клучот од дома закачен на вратот растеа пред зграда играјќи ластик, жмурка, брканица, народна, плочка, возејќи велосипед и уште многу други игри.

**Се сеќавам дека од самиот почеток на основното училиште, тоа го сфатив многу сериозно и многу одговорно. За среќа имав и родители кои многу ми помагаа додека учев, ме подржуваа и ме охрабруваа постојано и за мене беа најголемата поддршка да завршам високо образование. Да се учи и да се биде добро образован беше приоритет број еден во моето семејство и таа идеја се претвори во моја желба - образованието да биде полето каде јас најмногу ќе се вложувам.**

Речиси секој успех во училиште го сметав како своја лична самопотврда дека одам по вистинскиот пат. По завршување на средното гимназиско училиште, го продолжив моето образование на Правниот факултет во Скопје и во 2007 година дипломирав на отсекот за студии по новинарство.

**Истовремено додека студирав бев и дел од проектот на Ромаверзитас и тоа беше програма од особено значење за мојата понатамошна надградба, личен и професионален развој. Преку активностите на програмата како студентка се стекнав со академски знаења кои ги применувам и денес во моето работење. Благодарение на оваа програма, за прв пат, добив можност активно да се вклучам и да работам во проекти поддржани од невладиниот сектор кои го унапредуваа ромското прашање.**

Работев како практикант во Собранието на Република Македонија во канцеларијата на тогашниот ромски пратеник, преку програмата на Националниот демократски институт и активно се вклучив во работа која се фокусира на унапредување на ромската заедница во Република Македонија. Работев и на многу истражувања и проекти наменети за унапредување на образованието на Ромите во Република Македонија. Особено искуство беше проектот „Еднакви можности за образование на децата Роми“ имплементиран од Фондација Отворено општество Македонија (ФООМ) на кој исто така работев, потоа студијата „Еднаков пристап до квалитетно образование на Ромите“, во која учествував во делот за образованието на Ромите кој се однесува на Република Македонија и уште многу други активности преку кои дававме придонес. Добив можност да работам во Кабинетот на тогашниот министер без ресор задолжен за имплементација на Декадата за вклучување на Ромите во Република Македонија. Во текот на работата имав можност и преку институциите на системот да работам на активности кои имаа



цел да ја подобрат состојбата на ромската заедница, но сепак сметам дека секогаш треба и може да се направи повеќе.

Сега сум студент на постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Скопје на студиска насока - менаџмент во образование и работам како службеник во државната администрација на Република Македонија. Од оваа перспектива, следејќи ги активностите кои се случуваат и се однесуваат на напредокот на ромската заедница, сметам дека треба да се продолжи со програмите кои ги градат и зајакнуваат капацитетите на младите Роми од типот на проектот „Ромаверзитас".

Младите имаат капацитет да ја подобрат својата и иднината на своите генерации. Ние како генерации сите работевме и сé уште, на некој начин, работиме и оставаме помали или поголеми резултати кои треба да продолжат да се подобруваат. На ромската заедница и треба добро организирано јадро на елити кои ќе произлезат од интелектуалците првенци, кои секако ги имаме и треба да ги поддржуваме со програми за поддршка, да им помогнеме да се вклучат во работење на унапредување на ромското прашање и да им дадеме шанса да бидат носители на долгорочни и ефикасни политики за подобрување на целокупната состојба на Ромите, особено во однос на образованието кое, според мене, е алфа и омега на напредокот.





# КОМЕНТИРАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ

## *(НЕ)ПОЗНАВАЊЕТО НА ТВОЈАТА ИСТОРИЈА Е ГРАДЕЊЕ НА ТВОЈОТ ИДЕНТИТЕТ?*

*автор: Срџан Амет*

### Геноцидот врз Ромите за време на Втората светска војна

Во текот на последната декада, историското прашање на Ромите за време на Втората светска војна се повеќе зазема место во повеќе кругови на регионално и европско ниво. Се помалку и помалку ова прашање наоѓа место во нашите простори. Па оттука, овој мал фонд на зборови, има за цел да даде информативен пресек на историјата, односно личната потреба да се разбере конкретно минато и историја, во случај на една заедница, како Ромите, чија историја е во голема мера игнорирана и занемарена низ генералната историја. Заедницата која е свесна за својата историја е поверојатно да се гледа себеси во иднина со доверба и поголема сигурност. Тоа дали младите Роми ја признаваат важноста за учењето на нивната историја или не, е друго прашање (читајте многу важно прашање), но учењето и познавањето на историјата е резултат кој овозможува младите Роми да растат со сигурност како млади изградени личности во едно отворено европско општество.

**Потребата за информирање за историјата и учењето за историјата, се гледа како алатка за зајакнување на идентитетот на младите Роми и како алатка за борба за човековите права и борба против дискриминацијата, во крајна линија. Говорот на омраза и злоупотребата се заканува на основните вредности и принципи на демократијата и човековите права, и тоа е неприфатливо.**

Пред да се почне да се разговара за делување и правење промени од една страна и зајакнување на идентитетот од друга страна, мора да се познава историјата. Многу е значајно да се знае кои беа Ромите пред Втората светска војна, за време на овој период, по тоа, и каде сме денес.

Ако почнеме со минатото, во историјата може да се најдат мошне податоци за Ромите. Во историјата на Англичаните, Романците, Германците, Швеѓаните и итн. Податоци и информации за тоа како биле третирани Ромите во времето на овие кралства, на овие територии. Од друга страна кога зборимe за поблиската историја, односно за Ромите за време на Втората Светска Војна, тука имаме многу оскуден материјал и податоци за да извлечеме точни и целосни информации. Што се случува сега ?, ова е прашање кое може секој да си го одговори. Суштината е во прашањата: Зошто се случило? Колку е погрешно? Ова се прашања кои ќе ни даваат одговори за нашата сегашност. Ако направиме нешто, ќе дадат одговор и за нашата иднина.

Во историјата може да се најдат мошне податоци за тоа кои биле Ромите и како ги третирале пред Втората светска војна, и што всушност се случувало со Ромите за време на овој воен период. Има многу малку податоци кои ги даваат одговорите на овие прашања, но сепак може да се најдат. Што се случува сега ?

### Ромите пред Втората светска војна

Во голем број на архиви може да се најдат многу податоци за Ромите и Синтите пред 1933 година. Од мноштвото ги издвојувам „најгласните“:

- Во Шведска, во 17-ти век се случува присилна стерилизација и депортација на Ромите. Во 1637 година, "Законот за бесење" направи да биде легално убивањето на сите Роми кои се наоѓаат во царството;

- Од Кодот на Влашка на почетокот на 19-ти век Светиот римски император, Максимилијан I (исто така познат како Крал на Германците) им наредува на сите "Цигани" да ја напуштат територијата на Империјата до Велигден 1501 година. Сите Роми кои останаа по тој рок беа прогласени за одметници и можеа да бидат фатени и убиени од секого;

- Во Англија, во владеењето на Хенри VIII, на "Цигани" им било забрането да влезат во земјата. Секој Ром кој бил најден таму, бил депортиран. Во 1554 година, кралицата Мери го донесе "Законот за Египќаните" кој значеше - да се биде Циган се казнува со смрт. Во

1714 година, британските „Цигани“ беа испратени на Карибите како робови.

Иако Ромите со векови биле дискриминирани и прогонувани, сепак паралелно со политиката на нивната маргинализација, постоеле и форми на еден нормален и мирен соживот на малцинствата и малцинското население. Многу од Ромите биле интегрирани во општествениот живот и во локалните мрежи; служеле како војници во Првата светска војна или уште претходно во војските на нивните матични земји и делумно биле и високо одликувани. Но, тука се запира со преземањето на власта од страна на национал-социјалистите, овој нормален соживот бил систематски уништуван. Врз основа на нацистичката расна идеологија, на Ромите постепено им биле одземани правата, им биле одземени темелите на нивниот живот и конечно тие биле депортирани во логорите на смртта. Оваа политика на тотално уништување што се засновала на т.н. „раса“ и фундаментално се разликувала од сите други претходни облици на прогон.

## Ромите во Втората светска војна

Пред да разгледаме што всушност се случувало со Ромите во овој историски период, мора да се направи јасна терминолошка и суштинска дистинкција помеѓу Геноцисд и Холокауст. Имено, зборот „Холокауст“ е изведен од грчкиот збор Holos (целина) и kaustos (изгорени), се користи многу векови и се однесува на големи масакри на населенија. Од 1960 година, „Холокаустот" се однесува на масовните убиства во нацистичката ера – често се ограничува на убиствата на Евреите. Ромски термини кои се користат за да ги именуваат нацистичките обиди за елиминирање на ромското население – особено, се: Порајмос или Фарајимос (воодушевување или уништување), Самударипен (масовни убиства) и Кали траш (црна страв). За терминот „геноцид" постојат различни дефиниции, но најприфатлива е дефиницијата во Резолуцијата од 1946 на Генералното собрание на ОН 96 (1): "Геноцидот е негирање на правото на постоење на цели човечки групи, како што убиството е негирање на правото на живот на индивидуалните човечки суштества".

Во историјата и во светот геноцид се случувал и се случува во најразлични форми, но нацистичкиот геноцид има свои карактеристики кој го разликуваат од многу поранешни европски геноциди што се случувале и биле регистрирани како такви. Нацистичкиот геноцид бил компониран од:

- Употреба на повеќе напредни технологии и систематски пристап за мапирање и елиминирање на цели популации;
- Употребата на гасни комори (иако во историјата тие постоеле и пред Втората Светска војна);
- Учество на разни европски сили истовремено. Геноцид кој што беше Европски, но и внатрешен во секоја земја во која се спроведуваше.

**Само мал дел од историјата може да ни даде една цела лепеза на сознанија кои не доведуваат до заклучок дека тоа што се случило е лошо. Тука веќе доаѓаме до нашите први поставени прашања: Зошто се случило? Дали е Погрешно?**



Да се одговори на овие прашање се трга од пронаоѓање на причините, причините зошто цела една нација требала да биде погубена? Разбирањето на тоа зошто сето ова се случи на Ромите, исто така, бара некоја свест за историските детали. На пример, за начинот на кој законите и политиките во голема мера ги повредувале правата на ромската заедница од 1920 година наваму (па дури и пред тоа). Сепак треба да се разбере дека се работело за цел систем поттикнат од ставови и форми на однесување, кој за жал некои од тие се присутни и денес во сите земји во Европа. За да можат Ромите да бидат дефинирани и определувани според „расните“ критериуми, нацистите се служеле со поддршката на научниците. Во 1936 година во Берлин бил основан „Истражувачкиот центар за расна хигиена“ под раководство на д-р Роберт Ритер. Во декември 1938 година „Водачот на СС-единиците на Рајхот“, Хајнрих Химлер, издал налог до „Истражувачкиот центар“ да ги пронајде и регистрира Ромите и Синтите на подрачјето на Рајхот. Во овој период направени се околу 24.000 „расни вештачења“ за Синти и Роми како основа за планирање на нивниот геноцид.

Вообичаено е да се "објасни" Холокаустот како резултат на лошо однесување од страна на нацистите. Но, битно е да се разбере дека поединци не можеле да ги вршат овие активности, без најмалку пасивна согласност на стотици илјадници, можеби и милиони други. Тргајќи од моралните, структурните и психолошките фактори во одговор на прашањето Зошто тоа се случило, од клучна важност е да се запамети дека она што се случило за време на холокаустот е длабоко погрешно и дека не може да има оправдување или изговор. Ова е очигледно важна порака за не-Ромите - бидејќи без тоа разбирање, не може да се зборува за дискриминацијата и злоупотребата со која се соочуваат Ромите денес. Сепак, пораката на човековите права е исто така важна и за Ромите, бидејќи малтретирањето понекогаш може да доведе до само-обвинување. Особено е важно да се пренесе пораката дека начинот на кој ромската популација била третирана е злоупотреба на секој морален стандард и дека ова досега е признато од страна на општествата во целиот свет (со зборови, ако не на дело). Човековите права можат да помогнат да се потврди оваа порака.

**Да си го знаеме минатото, никогаш да не го заборавиме, никогаш да не се повтори! Да ја живееме сегашноста познавајќи се себе си, за да имаме подобра иднина.**





# ДРЖАВА НА РОМИТЕ - УТОПИЈА ИЛИ РЕАЛНОСТ

**Ромите се „граѓани на светот“**

***автор: Лолита Хасани,*** *дипломат. Магистер по Меѓународни односи на ЕУ и Дипломатија – College of Europe и магистер по МП, Правен факултет "Јустинијан Први"*

**Зошто има потреба од постоење на држава?**

Според теоријата на Томас Хобс , луѓето се исти и имаат еднакви права на нештата од што произлегува и нивната меѓусебна непријателска војна за владење со нештата, при што се јавува потребата од држава која настанала врз основа на договор со кој луѓето населени на определена територија ги пренесуваат своите природни права на еден човек или група луѓе (монархија или демократија), при што владетелот треба да им обезбеди мирен и сигурен живот. Мошне интересно.

Додека, според теоријата на Џон Лок, државата служи да ги заштити природните права на луѓето, особено да го гарантира и штити правото на сопственост. Двете теории имаат еден заеднички заклучок: Државата е создадена за да ги штити правата на луѓето кои живеат во определена територија. Особено денес кога живееме во свет на глобализација на светскиот систем и висок технолошки напредок, се наметнува силна потреба од заштита на “природното право“ на секоја индивидуа.

## Каде се тука Ромите?

**Ако тргнеме од Хобсовото гледиште, да и ние сме еднакви со другите и ни треба заштита на нашите права од владетелот на еден систем наречен Држава! Но, дали имаме воопшто право на наша држава – Држава на Ромите? Секое лице има природно право и припадност, тоа чувство на припадност го задоволува само припадноста кон определен “апаратус“ – држава, во чиј домен може да се чувствува и задоволи егото на идентитетот.**

**Негувањето на свој идентитет и култура, потребата од почитување кон другите и потребата од почитта  од другите. Според тоа, Ромите поведени од своето природно право како една човечка индивидуа секако има право на припадност кон одредена држава, систем.**

## Но, Ромска држава?

Ромите по светот се препознатливи по “номадизмот“ – феномен кој значи дека се присутни и се дел од секоја држава во светот, но и по дискриминацијата и силниот ризик на геноцид на кој се мошне изложени... Основните обележја на постоење на една држава се територија, суверенитет, одреден правен-политички систем, население, јазик, култура и пред се историја. Денес потеклото и постоењето на историјат за една држава да функционира е од витално значење. Ромите како етникум имаат свој идентитет, култура , јазик, традиција, но, немаме територија и пред се една потенцијална ромска држава не би имала историја. Секоја држава е родена од крв и смрт! Крвта и смртта на мноштво индивидуи кои се бореле низ историјата за да опстанат како нација со своја држава. Дали имаме крв во нашето минато? Кое е потеклото на самите Роми? Мајка Индија? По сите концепти, научни истражувања и концепти, Ромите се народ кои во антички времиња се имаат преселено од деловите на Северна Индија и со големата преселба на народите се населиле претежно во деловите низ Европа.

**Интересна е тезата на американската историчарка Diana Muir, која ги опишува Ромите како уникатен народ кои никогаш не се дефинирале себеси во рамките на припадност на одредена територија, ниту бараат нациоална сувереност, туку идентитетот на Ромите е поврзан со нивната слобода и уникатна култура, а не со имање на сопствена држава. Токму тоа е она силното и моќното! Идентитетот! Да, не постои Ромска држава, но постои ромски идентитет, постои ромски јазик, ромска култура, ромско знаме, химна, и ромски физички карактеристики на една нација. Ромите го поседуваат она што и дава моќ на една држава:**

**Силниот и уникатен идентитет! Постоење Држава на Ромите е невозможно со оглед на немање територија, но тоа не значи дека фантазијата не може да ни дозволи да замислиме како би изгледала една таква држава.**

**Кога би имало Држава на Ромите дали би постоеле сегашните стереотипи? Дали би биле светско признаени или оспорени од страна на Индија?**

Сегашните стереотипи произлегуваат од лошата еднострана перцепција која се создала кај светските нации, но за жал лошите животни услови на Ромите е поради немањето соодветна поврзаност меѓу заедницата, туку традицијата е силно вмрежана кај ромските семејства. Кога би имало посебна држава, според бројот на население сигурно би била голема држава со огомна дијаспора со оглед на тоа дека низ светот има околу милијарда Роми населени, но економската и политичка моќ на таа држава би била релативно слаба и под силни влијанија од страна на економско моќните држави.

Дали би биле оспорени од Индија, со оглед на тоа дека е разгледана опцијата за признавање на Ромите како најбројна Индиска дијаспора низ светот, тоа не може да се предвиди, но, секоја држава се поведува од сопствени интереси, или пак Индија би била близок партнер на таквата држава.

**Постоењето ромска држава е можеби утопија и илузија, но не и реалност барем не во денешните услови. Меѓутоа, дали тоа треба да претставува празнина, негативна алатка која ги ослабува адутите на Ромите како малцинства во земјите каде што се населени? Секако дека не!**

**Фактот дека не постои посебен ентитет наречен Држава на Ромите, не не прави помалку битни во светската структура и во светските структурни политики. Дали има систем на држава, унија, организација, ентитет кој не признава дека Ромите се третирани на дискриминаторски начин и кои не ја поддржуваат интеграцијата на Ромите денес? Не нема!**

**Светот се движи од и по економските интереси пред се. Матична земја на секое ромско лице е земјата во која живее и твори, и таа земја, држава е должна да ги третира Ромите на еднаков начин како и сите граѓани кои живеат и творат, придонесуваат за развојот на нејзината територија.**

Тоа е како еден пример, замислете дека сте поканиле тројца ваши пријатели на ручек дома кај вас, сте се потрудиле да направите вкусен ручек , тројцата пријатели доаѓаат кај вас и ги почитуваат вашите куќни правила како домаќин.

Зарем нема подеднакво да ги испочитувате тројцата пријатели? Зарем ќе му понудите кафе на само еден од тројцата пријатели? Зарем на трите чинии ќе послужите различна количина на ручек? Секако дека не! Тоа би било многу лошо од ваша страна како домаќин. Слично на тоа, секоја држава е должна да ги третира еднакво сите индивидуи кои поседуваат државјанство на соодветната држава.

Навистина, примерот со Ромите е уникатен, голем број на население, раселени насекаде низ светот, познати насекаде, мирен народ со благ дух, единствени кои никогаш низ историјата не војувале, не се носители на туѓа крв на своите раце... народ, нација која се што посакува е живот со добри услови. Тоа се Ромите.

Сознанието дека не е возможно да постои Ромска држава не треба да обесхрабрува, напротив , јас лично, длабоко верувам во концептот: I am a citizen of the world. Навистина земјината топка, светот, е дом, куќа, на целото светско население. Истото поднебје го делиме сите нации на планетата Земја. Според овој концепт Ромите се народ на слободата, нација на земјината топка како и секоја човечка индивидуа, носители на природните права и природната состојба која ни е дадена од креаторот на универзимуот – Бог! Правото на живот е универзално право на секоја индивидуа. Негувањето на правото на живот е гарантирано со сите можни правно-политички документации. Она што ги прави луѓето различни меѓусебе е културно-менталниот склоп, односно нивниот менталитет, mindset.

**Силно верувам во концептот Wide - Mind, логичкото и толерантно, но пред се широко гледиште на работите, низ призмата на самоувереноста и имањето свој став. Неизбежно е да се спомене макијавелизмот, тоа макијавелистичко гледиште**

**кое ја “расипува“ благата клима и ја буди жедта по моќ и нееднаквост, супериорност. Макијавелизмот кој го раѓа концептот на супериорност: Јас сум подобар од другиот и заслужувам повеќе од другиот!**

**Тоа макијавелистичко гледиште ги потикнува индивидуите да се гледаат себеси како инструменти за манипулација, интереси во движење за да се добие таа супериорност над другиот. Но, таа супериорност и макијавелизам ги има и меѓу државите како правни субјекти не само меѓу индивидуите како физички лица, од што никнува концептите на мали и големи, економски развиени и земји во развој.**

Моментално, со ширум познатата “Интеграција на Ромите“, Ромите се како “помалку развиени земји подложни под структурални политики од страна на развиени земји“. Реформи кои треба да се имплементираат, статистики кои треба да се дополнуваат….

**Дали таа интеграција треба да доаѓа од другите или од самите нас?**

**Дали некој не праша дека сакаме таа интеграција да се реализира?**

**Дали таа интеграција е навреда за нашиот идентитет?**

**Дали ние навистина не знаеме да живееме во склоп со другите?**

Едно е да се прифаќа помош и поддршка за брза адаптација на другите со мнозинството, но друго е да се зборува за интеграција на нација без идентитетски ограничувања. Ние сме тоа што сме, а сме човечки индивидуи, производи на креаторот на универзимот, браќа и сестри на сите други индивидуи со кои ја делима оваа планета земја, и како такви треба да живееме како сите други, во смисла на условите за живот и уживањето на основните човекови права и слободи, а дали би се интегрирале целосно со менталниот склоп на другите претставува лична одлука на секоја индивидуа.

Јас лично го избирам mindset-от по кој ќе ја креирам мојата иднина и мојот начин на живеење, јас одлучувам и моето ниво на самодоверба и самопочит дали другиот е подобар од мене, јас одлучувам за мојата супериорност над другите. Ова е одлука не само на Ромите, туку на секоја човечка индивидуа, тоа треба да е основниот лимит, ограничување и нееднаквост на начинот на живеење и нивото на интеграција и адаптација: Сопствената волја! Сопствената волја да го живееме животот на начинот на кој сакаме и се чувствуваме најудобни и среќни, без никакво мешање од страна на човечкиот фактор.

**Ромите се можеби етникум во кој одредени припадници живеаат во сиромашни услови, но ромскиот етникум има свој идентитет, јазик и култура, тоа е моќта на секоја нација: Различноста и единственоста! А дали има подобро нешто од тоа да се биде дете на светлината и на целиот свет?**



Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ) премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

## Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

## Цели на проектот „Ромаверзитас - со поддршка и развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“:

- Да се зголеми вклученоста и квалитетот во вклучувањето на матурантите Роми на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија;

- Да се поддржат студентите Роми на додипломски студии во одржливоста на нивните студии, нивниот премин во следен семестар, нивните академски постигнувања и нивното навремено дипломирање;

- Да се поддржи личниот и професионалениот развој на студентите Роми на додипломски и постдипломски студии, и РОМАВЕРЗИТАС Алумни;

- Да се потикне и поддржи формирање на мрежа на млади Роми, како и нивно учество и активизам во сферата на високото образование;

- Да се потикне и поддржи зајанувањето на ромскиот идентитет на корисниците на проектот.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот, се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.
© Здружение на граѓани РОМАВЕРЗИТАС Македонија, 2018